Уп. Бр.08-81/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Атлантик Гранд доо Белград (Atlantic Grand doo Beograd), со регистрирано седиште на 6а Сурчинска, Нов Белград – Белград, преку Методија Велков адвокат од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 09.08.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Атлантик Гранд доо Белград (Atlantic Grand doo Beograd), со регистрирано седиште на 6а Сурчинска, Нов Белград – Белград, над Штраус Адриатик доо Шимановци (Strauss Adriatic doo Šimanovci), со регистрирано седиште на 41 Милоша Обилича, Шимановци, Република Србија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 12.06.2023 година, а дополнето на 14.06.2023, 23.06.2023 и на 25.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Атлантик Гранд доо Белград (Atlantic Grand doo Beograd), со регистрирано седиште на 6а Сурчинска, Нов Белград – Белград, со која Атлантик Гранд доо Белград ќе стекне единствена контрола над Штраус Адриатик доо Шимановци (Strauss Adriatic doo Šimanovci), со регистрирано седиште на 41 Милоша Обилича, Шимановци, Република Србија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Атлантик Гранд доо Белград,** е активно во секторот на производство на голема палета на производи од кафе, од кои најпознати брендови се Гранд (Grand) (Grand kafa Gold, Grand Aroma, Grand DeLuxe и Grand Strong) и Bonito во сегментот на домашно мелено кафе, и InstaGrand инстант кафе производ.

Атлантик Гранд е дел од Атлантиц Група д.д. Загреб.

Атлантиц Група д.д. Загреб е друштво основано согласно законите на Република Хрватска со регистрирано седиште на 23 Мирамарска цеста, Загреб, Република Хрватска, (во понатамошниот текст - Атлантиц Група д.д.).

Атлантиц Група д.д. е активно во повеќе сектори и ги врши своите активности преку повеќе поврзани друштва од кои секое работи под различен бренд. Атлантиц Група д.д. е матичното друштво, организирано во форма на концерн чии друштва вршат деловни активности вклучувајќи истражување и развој, производство и дистрибуција на производи за потрошувачка во Југоисточна Европа, Западна Европа и Заедница на Независни Држави (ЗНД) (главно во Русија).

Атлантиц Група д.д има присуство во Југоисточна Европа и во Западна Европа, со истакнатите брендови во сегментот на кафе - Grand и Barcaffè, со палета на брендови од сегментот на пијалоци - Cockta, Donat, Cedevita, Kala и Kalnička, со портфолио на брендови од сегментот на слатко и солено - Smoki, Najlepse želje и Bananica и брендот Argeta од сегментот на деликатесни намази. Дополнително, Атлантиц Група д.д е сопственик на водечки фармацевтски ланец во Хрватска под брендот Farmacia.

Деловниот потфат на Атлантиц Група д.д е организирано во неколку бизнис сектори: секторот за пијалаци, секторот за кафе, секторот за слатко и солено, секторот за деликатесни намази, секторот за фармацевтски дејности и секторот за деловен развој - донат.

Во Северна Македонија, Атлантиц Група д.д е активен преку две индиректно поврзани друштва:

– Друштво за производство, трговија и услуги АТЛАНТИЦ ГРАНД ДООЕЛ импорт – експорт Скопје (во натамошниот текст: "Атлантиц Гранд Скопје"), со регистрирано седиште на ул, Шар Планина бр,6, 1000 Скопје. Регистрираната приоритетна дејност на Атлантиц Гранд Скопје е 46.37 – продажба на големо на кафе, чај, какао и зачини. Атлантиц Гранд Скопје е активно во производство на голем ланец на производи од кафе, од кои најпознати брендови се Grand kafa Gold, Grand Aroma, Grand DeLuxe , Minas , C kafa и Grand Strong и

– Друштво за промет и услуги АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден (во понатамошниот текст: "Атлантиц Траде Скопје"), со регистрирано седиште на ул. 35 бр.33 Илинден. Регистрираната приоритетна дејност на Атлантиц Траде Скопје е 46.37 – продажба на големо на кафе, чај, какао и зачини.

Атлантик Групацијата продава повеќе категории на производи од кафе во Северна Македонија: печено мелено/домашно (турско) кафе, инстант, капсули и еспресо.

Штраус Адриатик доо Шимановци е дел од Штраус Групата која е брендирана, повеќекатегорична и иновативна група за храна и пијалоци. Групацијата е

меѓународна корпорација со седиште во Израел, каде што е втора по големина групација за храна и пијалоци. Портфолиото на производи на Штраус Група вклучува широк спектар на свежа храна, кафе, вода и производи за здравје, од кои сите се дизајнирани да ги задоволат потребите на потрошувачите во светот кој брзо се менува. Штраус Група е активна во Израел, Бразил, Русија, Украина, Полска, Романија и Србија.

Штраус Адриатик доо Шимановци е активно во бизнис секторот на производство и продажба на широк спектар на производи од кафе. Штраус Адриатик доо Шимановци ги произведува популарните производи на кафе C kafa и Doncafe. Освен печено мелено/домашно (турско) кафе, Штраус Адриатик исто така произведува филтер кафе и еспресо, инстант кафе, како и пијалокот 3 sec 2 1 Black капсули за еспресо кафе.

Во Северна Македонија, Штраус Адриатик доо Шимановци е активен во продажба на брендот Doncafe (Doncafe Minas, Doncafe Moment и Doncafe Strong) и брендот Java – еспресо кафе и филтер кафе.

Штраус Адриатик доо Шимановци нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 7 од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**